**Меморандум за разбирање**
**помеѓу**
**Министерството за труд и социјална заштита**
**на Руската Федерација**
**и**
**Министерството за труд и социјална политика**
**на Република Македонија**
**во врска со соработката во областа на трудот и социјалната политика**

Министерството за труд и социјална заштита на Руската Федерација и Министерството за труд и социјална политика на Република Македонија, понатаму означени како <<Страните>>, реафирмирајќи ја посветеноста за зајакнување на взаемната корисна соработка во областа на трудот и социјалната политика, се договорија за следното:

**1. Области на соработка**

Страните имаат намера да соработуваат и преземат активности за соработка во следните области :

a) Социјална сигурност и социјално осигурување;

b) Трудово законодавство и законодавството за заштита на работниците, унапредување на колективното договарање, сезонски вработувања;

c) Унапредување на постојните активни мерки за вработување и креирање на нови мерки, зголемување на бројот на вработувања, со посебен акцент на вработувањата на младите;

d) Законодавството во сферата на социјалната заштита на семејството, жените, децата и старите лица;

e) Грижа за старите лица, институционална и вонинституционална грижа;

f) Подобрување на системот на социјална поддршка за инвалидните лица и семејствата со инвалидни лица;

g) Стратешки определби и форми на заштита на маргинализирани групи (бездомници – алтернативно домување, жртви на семејно насилство и други групи);

h) Развој на социјални сервиси за помош на лица во ризик од сиромаштија и социјална исклученост;

i) Развој на социјални сервиси на локално ниво;

j) Јакнење на инспекциската функција на инспекциската служба во системот на социјална заштита и сигурност;

k) Вклучување на жените од руралните средини и жените од помалите етнички заедници на пазарот на трудот, економско јакнење на жените.

**2. Форми на соработка**

Страните имаат намера да соработуваат низ следните форми:

- размена на документи преку меил и е-меил;
- консултации и експертски сесии;
- средби и конференции за договорени теми;

Доколку Страните сметат дека за постигнување на целите на Меморандумот е соодветно и неопходно, можат да поканувaат претставници на работниците, работодавачите и други релевантни чинители да учествуваат во специфични активности.

**3. Координација**

Целокупната координација за соработка во рамките на овој Меморандум ќе се врши од страна на Секторот за правни и меѓународни работи на Министерството за труд и социјална заштита на Руската Федерација и Секторот за европска интеграција и меѓународна соработка на Министерството за труд и социјална политика на Република Македонија.

Работна Група, составена од избрани службени лица од Министерството за труд и социјална политика на Република Македонија и Министерството за труд и социјална заштита на Руската Федерација ќе ја надгледува селекцијата и имплементацијата на заедничките активности.

Работната Група има намера да се состанува еднаш годишно или почесто ако е потребно.

**4. Расходи и трошоци**

Секоја од Страните има намера да го финансира своето учество во имплементацијата на овој Меморандум земајќи ги во предвид расположливите средства.

**5. Завршни одредби**

Овој Меморандум ќе се применува од денот на неговото потпишување до истекување на 6 месеци од денот на приемот на писменото известување на едната Страна од другата Страна, за својата намера да ја прекине примената на овој Меморандум.

Меморандумот може да се измени со взаемна согласност на Страните.

Меморандумот не е меѓународен договор и не создава права и обврски регулирани со меѓународното право.

Потпишано во Москва на 20 октомври 2016 година во дупликат, секој на руски, македонски и на англиски јазик. Во случај на спор, ќе се користи текстот на англиски јазик.

**За Министерството за труд и социјална заштита на Руската Федерација**

**За Министерството за труд и социјална политика на Република Македонија**